# МЕЃУРЕЛИГИСКА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА

ПРОГРАМАТА МЕЃУРЕЛИГИСКА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА ПРИДОНЕСУВА ВО ЗБОГАТУВАЊЕТО НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА НА ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ПОДОБРУВАЊЕТО НА РАЗБИРАЊЕТО ЗА НИВ КАЈ ЦЕЛОКУПНАТА ЈАВНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА.

Најважниот резултат од програмата е дека на систематски начин го претстави дијалогот во рамките на високите институции на двете најголеми верски заедници во Македонија. Се покажа дека постои добра волја која може да послужи како добра основа врз која ќе се надоградат повисоки амбиции на толеранција и соживот. Програмата овозможи активности околу кои добрата волја можеше да се демонстрира и да расте. Понатаму беше овозможен форум (седници на Управувачката група и Издавачкиот совет), каде претставниците од петте верски заедници можеа редовно да се сретнуваат за да прават планови и да спроведуваат заеднички активности. Со овој форум се поставува важен преседан на верска соработка во Македонија и регионот.

МЦМС, од своето основање, соработува со верските заедници во Македонија. Четири членови на нејзиниот Собрание (од 26 членови) и три членови на Управниот одбор (10) се претставници на верските заедници: МПЦ, ИВЗ и ЕМЦ.

- МЦМС даде поддршка на неколку хуманитарни организации од овие верски за¬едници (Ми¬лосрдие, Ѓаконија и Воскресение од МПЦ, Ел Хилал од ИВЗ и Мис Стон центарот на ЕМЦ), преку градење на капацитети (обуки и советувања), техничка поддршка и главно во координацијата на хуманитарната помош.
- За време на конфликот во Македонија во 2001 година, МЦМС ги поттикна и организира контактите меѓу раководствата на црквите и верските заедници во Македонија. Одржани беа пет меѓусебни средби со претставници на: МПЦ, ИВЗ, КЦ, ЕМЦ и ЕЗ. Нивните претставници, во организација на Светскиот совет на црквите и МЦМС, од 11 до 13 јуни во Моргес, Швајцарија, одржаа средба на која беа финализирани претходните активности, со потпишување заедничка порака за мир. Пораката беше објавена во дневните весници во Македонија.
- Во мај 2002 се организираше меѓу-верската конференција во Скопје, во чии рамки, за прв пат во Македонија се одржаа разменски предавања на Деканите на Богословскиот факултет и Факултетот за Исламски науки.
  Овој настан беше основа за програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, чии резултати ги презентираме во продолжение.



## Изложување

- 8 разменски предавања на професори од различни верски заедници за вкупно 200 студенти;
- 5 посети на теолошките факултети со околу 84 посетители;
- 7 посети на верски објекти и служби со околу 166 посетители;
- 4 суденти учествуваа на студиски посети во странство;
- 22 учесници на летен камп во Струга;
- 18 од вкупно 25 регистрирани верски заедници учествуваа на Деновите на верски заедници во Македонија.



## Подобро запознавање со другите религии

За првпат, деканот од Факултетот за исламски науки одржа предавање на Богословскиот факултет, и обратно – деканот на Богословскиот факултет за првпат предаваше во Факултетот за исламски науки. Подоцна возвратно се посетија и студентите од двата факултета.

„За многумина ова е нешто ново, но тоа е добар начин подобро да се запознаеме со другите религии, што е добро и за подобар соживот во Македонија. Кај што има дијалог, таму има место за рабирање“, изјави деканот на Богословскиот факултет Јован Таковски.
Возвратното предавање се одржа на Факултетот за исламски науки на 15 март, оваа година, каде што деканот на Боголсовскиот факултет, Јован Таковски, одржа предавање на Факултетот за исламски науки во с. Кондово, Скопско. Предавањето предизвика голем интерес од страна на студентите на овој факултет.
Што мислат студентите од Факултетот за исламски науки за предавањето на Таковски на нивниот факултет: „Ова е позитивен чекор за двете заедници. Иако времето беше кратко, сепак успеавме да му поставиме доста прашања на деканот на Богословскиот факултет. Имаше голем интерес од наша страна да слушнеме повеќе. Сосем поинаку е кога за одредена тема слушаш од нашите професори и од компетенти лица од таа сфера и обратно“, ни рече Зухри Весели, студент на Факултетот за исламски науки.



„Исламската религија не вели да не живееме заедно со христијаните, напротив, таа вели да живееме заедно си нив“, рече Исмаил Барди, декан на Факултетот за исламски науки.
Свои импресии имаа и студентите од Богословскиот факултет: „Сите ние доаѓаме првпат во посета на овој факултет и на Медресата. Заедно со моите колеги имавме и порано некои иницијативи да оствариме една ваква посета, но немавме вистински контакти. Сега имаме шанса да им предложиме на колегите од Факултетот за исламски науки, со цел да се зближиме повеќе, да одиме заедно на кино, во театар, да разменуваме студентски весници и текстови. Ние спаѓаме во таа група што веруваат во тоа, тука сите сме исти“, ни рече Александар Зашов, студент и секретар на Студентското друштво при Богословскиот факултет.

## Градење капацитети

- основни курсеви за англиски јазик и компјутери за 61 претставник на верските заедници;
- обуки за раководење со проектен циклус и за институционален развој на кој учествуваа 30 лица;
- семинар за меѓуверски дијалог на двата факултети со учество на околу 70 професори и студенти;
- Работилница на Исламската верска заедница.



## „Меѓуверски дијалог"

Предавања на семинарот одржаа предавачите Лиси Расмусен и Сафет Бектовиќ од Исламско–христијанскиот студиски центар од Копенхаген – Данска, а со свои излагања учествуваа и повеќе професори од двата теолошки факултета. Семинарот започна на Факултетот за исламски науки, а продолжи на Богословскиот факултет.

„Соочувањето со оваа тема, освен поуката и љубовта, ја подразбира и нашата одговорност кон религиозната култура и нејзината важност во мултиконфесионално општество. За кратко време докажавме дека знаеме да соработуваме, без оглед на разните тешкотии. Двата теолошки факултета, исламскиот и богословскиот, покажаа висока зрелост, умешност и знаење за поширока и подлабока соработка со единствена цел да ја сочуваме чистотата на верата и да ја развиеме религиозната култура којашто ја содржи таа во себе", рече во своето обраќање деканот на Факултето за исламски науки, д-р Исмаил Бардхи.

„Овој собир е уште една можност да бараме начини и форми за натамошна взаемна соработка со цел да ги унапредиме нашите односи како факултети, но и да помогнеме во унапредување на односите меѓу нашите народи", рече продеканот на Богословскиот факултет, Јован Таковски.



Семинарот опфати и панел-дискусија на тема „Националноста во плуралистичко општество - односот помеѓу државата и црквите и верските заедници (различни типови секуларни општества)" и две предавања на темите „Зошто меѓуверски дијалог?". И „Како може христијаните и муслиманите да комуницираат и работат заедно?".

## Обука и за студентите од верските институции

### Стратешко планирање

„Тоа што научивме од оваа обука е дека основна задача на раководителите и поискусните членови на организациите е да работат во развојот на сопствената организација. Стратешкото планирање е основа за успешен развој на една организација", ни рече Ирсал Јакупи, од Факултетот за исламски науки (ФИН).

Целите на обуката беа насочени кон стекнување практични знаења и вештини за изработка на стратешки планови, развивање на свесноста за организацијата и нејзините структурни елементи, како и за нејзиното надворешно опкружување.

### Раководење со проектен циклус

„На обука од овој вид не ми е прв пат да учествувам, но ова ми беше прв пат да се дружам со учесници од различни верски заедници. Многу ми е драго што структурата на групата беше таква. На обуката научивме многу работи за кои мислевме дека ги знаеме доволно", ни кажа Лела Садикарио, од Еврејска заедница.

„Ова беше мојата прва обука од аспект на креирање проекти. Обуката не само што не научи како се изработува проект, но и ни покажа како може да се седне и да се работи во организирани меѓуверски и меѓуетнички програми, кои ќе придонесат за понатамошната соработка во други аспекти и сфери на животот", рече Хусеин Ризан, од Факултетот за исламски науки .

## Информации

- издадени 4 броја на Билтен за меѓурелигиска соработка на македонски и албански јазик;
- издаден адресар на верските заедници во Македонија на македонски, албански и англиски јазик;
- испечатени 8 различни видови меѓуверски календари;
- подготвени 3 компаративни студии;
- отворен меѓурелигиски инфо и дијалог.




## Адресар на верските заедници во Македонија

Македонскиот центар за меѓународна соработка за прв пат го издаде Адресарот на верските заедници во Македонија.

Адресарот има за цел да ја подобри информираноста за црквите, верските заедници и религиозните групи во Македонија, како меѓу нив самите, така и кај пошироката јавност. Со Адресарот се опфатени 23, од вкупно 25 верски заедници, регистрирани во Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи во Република Македонија, според Законот за верските заедници и религиозните групи.

Адресарот ги содржи основните податоци на верските заедници (податоци за контакт, свештените функции и хиерархиската структура, видот и бројот на верските објекти, верските обреди и празници, активностите и институциите за верско образование, издавачката дејност), како и фотографии од седиштето и позначајните верски објекти.




## Меѓурелигиски инфо и дијалог центар

На 1 јули 2004 година започна со работа Меѓурелигискиот инфо и дијалог центар. Во центарот се донирани публикации од црквите и верските заедници.

Центарот содржи библиотечен фонд со религиозна содржина и претставува можност за подобро информирање и запознавање со религиите во Македонија. Покрај библиотеката, Центарот служи и за организирање состаноци на црквите и верските заедници.

Во Центарот се вработени седум лица (студенти и активисти на црквите/верските заедници), кои наизменично работат во текот на неделата.

Програмата ја спроведува оперативен тим со соработници во МЦМС и на теолошките факултети.